# „НОЕМВРИ – МЕСЕЦ НА НАУКАТА 2025“ – ИНСТИТУТ ЗА ХЕМИЈА, КООРДИНАТОР: СОЈУЗ НА ХЕМИЧАРИТЕ И ТЕХНОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Ова година, по шести пат, успешно беше реализирана манифестацијата „Ноември – месец на науката“, во организација на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија како координатор, со поддршка од Македонското биолошко друштво, Сојузот на математичарите на Македонија, Македонското географско друштво, Македонското еколошко друштво, Македонското и Скопското астрономско друштво, како и Природно-математичкиот факултет.

Настанот се одржа на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје и понуди богата програма составена од научно-популарни предавања, демонстрации од страна на учениците, „Хемиски спектакл“, работилници од областа на природните науки и математиката, како и презентации на наставници посветени на размена на искуства и идеи за унапредување на наставата.

Манифестацијата се реализираше во два викенди во ноември и беше наменета за ученици од основното и средното образование. На 22 ноември учествуваа ученици од основните училишта, а на 29 ноември учествуваа ученици од средните училишта. Активностите беа прилагодени на возраста на учесниците, а сите информации за настанот се достапни на официјалната веб-страница: https://mesecnanaukata.weebly.com/



Во рамки на настанот учествуваа 399 ученици од основните училишта, кои се претставија со 223 експерименти, како и 172 ученици од средните училишта, кои изведоа 103 експерименти. Дополнително, учествуваа 117 наставници од основните и 56 наставници од средните училишта. Како домаќин, Институтот за хемија ги отвори своите предавални и лаборатории, обезбедувајќи соодветни просторни и технички услови за успешна реализација на сите активности.

Програмата опфати активности од областа на биологијата, хемијата, географијата и математиката, со цел поттикнување на интересот на учениците за науката преку практична работа, развивање на истражувачки вештини и критичко размислување. Вкупно беа изведени 122 демонстрации од хемија, 83 од биологија, 50 од математика, 20 од географија и 50 демонстрации од природни науки. Учениците имаа можност да проследат и четири научно-популарни предавања од областа на природните науки и математиката, како и девет работилници од природни науки (биологија, физика и хемија) и математика.

Најуспешните 431 ученици беа наградени со дипломи за I, II и III награда, како и со пригодни награди. Со оваа манифестација уште еднаш се потврди важноста на соработката меѓу научните друштва, образовните институции и наставниците во насока на промоција на науката и поддршка на младите таленти. Списоците со доделените награди се достапни на следните линкови:

https://docs.google.com/spreadsheets/d/1UgH3quEJ32QTSQxsgeKAB9tVhf6kT4SC5YckGtXotZU/edit?gid=0#gid=0

https://docs.google.com/spreadsheets/d/1QQzZKbTv2hWmthHYs76_-Wvt5-0B4BcZtyfqgiLwx-c/edit?gid=0#gid=0

Упатуваме огромна благодарност до студентите-волонтери од Здружението на млади хемичари, кои со својата посветеност и ентузијазам беа клучен дел од реализацијата на настанот, до компанијата „Вардар Доломит“ за несебичната поддршка, како и до членовите на комисиите за оценување за нивната стручност и професионален ангажман.

Заедно реализиравме настан кој инспирира и ги поттикнува младите истражувачи и веќе со нетрпение го очекуваме следното издание!

д-р Пеце Шеровски
м-р Маринела Цветаноска
Институт за хемија, ПМФ
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје